# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
# ПАВЕЛ ШАТЕВ

**ОБУКА НА ТЕМА:**

## „Јакнење на отпорноста на корупцијата во судството, градење личен и професионален интегритет“

**Скопје**
**30 октомври 2023**

**Владимир Георгиев**

# Содржина

- Меѓународни стандарди / документи / прегледи / евалуации
- Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Акционен план 2021-2025
- Проценка на ризиците од корупција во правосудството во МК

# Меѓународни стандарди / документи / прегледи / евалуации

- UNCAC
- COE
- GRECO
    - IV круг на евалуација – Превенција на корупција кај членовите на парламентот, судиите и обвинителите
- EU Извештаи за напредокот

# Совет на Европа – Резолуција (97) 24

- 20 водечки принципи за борба против корупцијата:

1. **Да се преземат ефективни мерки за превенција на корупцијата**, да се јакне јавната свест и **унапредување на етичкото однесување**
3. **Да се обезбеди дека лицата што имаат надлежност за превенција, истраги, кривичен прогон и судење на случаи на корупција имаат независност и самостојност соодветна на нивните функции, дека се слободни од несоодветно влијание**, имаат ефективни средства за прибирање докази…

**7.** Да се промовира специјализација на лицата и телата надлежни за борба против корупцијата и да им се **обезбедат соодветни средства и тренинзи** за остварување на нивните надлежности

## **GRECO** IV круг на евалуација – Превенција на корупција кај членовите на парламентот, судиите и обвинителите

- Извештајот за евалуација за Четвртиот круг за Северна Македонија беше усвоен на 62-та Пленарна седница на ГРЕКО (6 декември 2013 година) **– 9 препораки за судиите**

- Адендум на Вториот извештај за усогласеност (Март 2022 година):
  - (Препорака 5): ГРЕКО препорача, со цел да се зајакне независноста на судството од несоодветно политичко влијание, да се укине членството на Министерот за правда по службена должност во Судскиот совет. Оваа препорака првично беше оценета како **делумно имплементирана**, за во Вториот извештај за усогласеност да биде оценета како **неимплементирана**. Во Времениот извештај за усогласеност, властите повторија дека министрите за правда на последните две влади не учествуваа во работата на Судскиот совет. Сепак, со новиот Закон за Судскиот совет, членството на Министерот за правда во Советот беше задржано, иако без право на глас и право на учество на седниците на Советот на коишто се разгледува утврдувањето одговорност, изборот и разрешувањето на судија/претседател на суд.
  - Ваквата состојба се очекува да трае сѐ додека не се усвои уставен амандман со којшто Министерот за правда ќе биде отстранет од составот на Советот.

**GRECO** IV круг на евалуација – Превенција на корупција кај членовите на парламентот, судиите и обвинителите

- Адендум на Вториот извештај за усогласеност (Март 2022 година):
  - (Препорака 12): ГРЕКО препорача (I) дисциплинските повреди кои важат за судиите јасно да се дефинираат и опсегот на санкции да се прошири со цел да се обезбеди поголема пропорционалност и (ii) разрешувањето на судија да биде возможно само за најсериозните видови на повреди со цел да се спречи можноста судијата да биде разрешен само доколку се утврди дека една од неговите одлуки го прекршува правото на судење во разумен рок
  - Оваа препорака беше **делумно имплементирана** во Времениот извештај за усогласеност
  - ГРЕКО заклучува дека препораката xii **останува делумно имплементирана**.

- EU Извештај за напредокот (2022)

- **Функционирање на правосудството**

    - Правосудниот систем на Северна Македонија постигна **одреден степен на подготвеност/е умерено подготвен**. Постигнат е одреден напредок во полето на правосудството, преку стабилното спроведување на стратегијата за реформа на правосудниот систем, со што се продолжува со спроведувањето на препораките од Венецијанската комисија и Високата експертска група за системски прашања за владеењето на правото. Започна подготовката на нова стратегија за реформа на правосудството, на инклузивен начин…

# Национална стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси со Акционен план 2021-2025

Сектор Правосудство:

Проблем 1: Недоволно ефикасен систем за јакнење на интегритетот во судството и јавното обвинителство

Мерка 3: Спроведување проценка на ризиците од корупција во правосудството

Активност 3.1.: Формирање на експертска работна група за проценка на ризиците од корупција во правосудството. Рок: прва половина на 2022 година Надлежна институција: ДКСК

Активност 3.2.: Изготвување на длабинска анализа и оценка на факторите кои генерираат корупција во правосудството. Рок: втора половина на 2022 година Надлежна институција: ДКСК

# Corruption Risk Assessment of the Judiciary in North Macedonia

# Проценка на ризиците од корупција во правосудството во Северна Македонија

# Vlerësimi i rreziqeve të korrupsionit në gjyqësor në Maqedoninë e Veriut

SCPC
STATE COMMISSION FOR PREVENTION OF CORRUPTION

ЗДРУЖЕНИЕ НА СУДИИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

ЗДРУЖЕНИЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛИ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

OSCE Organization for Security and Co-operation in Europe
**Mission to Skopje**

# Вовед

- Опфат на анализата
  - Рангирање на ризиците од корупција во правосудството;
  - Искуство со обиди за несоодветни влијанија;
  - Ставови за делотворноста на превентивните механизми;
  - Доверба во Судскиот совет и Советот на јавни обвинители;
  - Ставови за севкупните услови за работа.
- Ризик од корупција: секоја практика што има негативни последици врз функционирањето и непристрасноста и независноста на судовите и јавните обвинителства.
- Проценката се стреми да придонесе за креирање политики и за делотворен институционален одговор на идентификуваните ризици од корупција во правосудството.
- Анкета
  - Октомври – ноември 2022 г.
  - 212 одговори од судиите (49,6 %) и 83 одговори од јавните обвинители (50,6 %)

# Рангирање на ризиците од корупција кај судиите

| | Ризик | Коефициент на ризик (присуство x ефект)<br>Теоретски коефициентот на ризик може да биде 25!<br>(кај судиите коефициентот 9.1 е највисок, а 2.3 е најнизок) | Тип за ризик |
|---|---|---|---|
| 1 | Изготвување на несоодветни наоди и мислења од страна на вештаците | **9.13** | Надворешен ризик |
| 2 | Злоупотреби на процесните права од страна на адвокатите со цел одолговлекување на постапката | **9.01** | Надворешен ризик |
| 3 | Низок квалитет на обвинителните акти | **8.88** | Надворешен ризик |
| 4 | Неетичко однесување на адвокатите кое кај странките и оштетените предизвикува впечаток за корупција | **7.64** | Надворешен ризик |
| 5 | Блискост помеѓу јавни обвинители и адвокати која влијае врз постапките | **6.22** | Надворешен ризик |
| 6 | Влијание на претседатели на суд преку годишниот распоред за работа на судот | **6.10** | Внатрешен ризик |
| 7 | Злоупотреба на АКМИС системот од страна на адвокатите во граѓанска постапка преку поднесување на повеќе тужби за ист предмет | **6.09** | Надворешен ризик |
| 8 | Блискост помеѓу судии и адвокати која влијае врз постапките | **5.78** | Внатрешен ризик |

# Искуство со обиди за несоодветни влијанија

| Колку често се среќавате со одредени директни или индиректни притисоци/сугестии/обиди за влијание врз независноста на Вашето работење од страна на: | Никогаш | Ретко | Често | Постојано | Ретко+Често+ Постојано |
|---|---|---|---|---|---|
| Колеги судии | 50 % | 37 % | 7 % | 2 % | 46 % |
| Судии од повисок ранг (Претседател на судот, претседател или судии на повисоките судови) | 57 % | 31 % | 7 % | 4 % | 42 % |
| Претставници на извршната власт (Владата, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, итн.) | 61 % | 27 % | 8 % | 1 % | 36 % |
| Претставници на политички партии | 62 % | 24 % | 13 % | 0 % | 37 % |
| Адвокати | 64 % | 25 % | 7 % | 3 % | 35 % |
| Претставници на бизнис секторот | 65 % | 29 % | 5 % | 1 % | 35 % |
| Членови на Судскиот совет | 68 % | 25 % | 5 % | 1 % | 32 % |
| Јавни обвинители | 68 % | 22 % | 2 % | 1 % | 25 % |
| Претставници на меѓународната заедница | 89 % | 9 % | 1 % | 0 % | 10 % |

# Споредба меѓу податоците од истражувањата во 2022 и 2009 година

| **Колку често се среќавате со определени директни или индиректни притисоци/сугестии/обиди за влијаење врз независноста на вашето работење од страна на**<br>**Збирни одговори (Ретко + Често + Континуирано)** | **2022** | **2009** | **Разлика меѓу 2022и 2009** |
|---|---|---|---|
| Колеги судии | 46 % | 34 % | +12 % |
| Судии од повисок ранг (Претседател на судот, претседател или судии на повисоките судови) | 42 % | 30 % | +12 % |
| Претставници на извршната власт (Владата, Министерството за правда, Министерството за внатрешни работи, итн.) | 37 % | 44 % | -7 % |
| Претставници на политички партии | 37 % | 40 % | -3 % |
| Претставници на бизнис секторот | 35 % | 33 % | +2 % |
| Членови на Судскиот совет | 32 % | 23 % | +9 % |
| Претставници на меѓународната заедница | 10 % | 15 % | -5 % |

# Антикорупциски механизми и процедури



# Доверба во Судскиот совет



# Именување, унапредување и дисциплински постапки за судиите



# Независност на Судскиот совет



# Споредба на податоците од истражувањата во 2009 и 2022 година

| **Ставови кон Судскиот совет (не се согласува + воопшто не се согласува)** | **2022** | **2009** | **Разлика** |
|---|---|---|---|
| Судскиот совет успешно се грижи за заштита на независноста на судството | 72 % | 66 % | **+6 %** |
| За унапредување на судиите се применуваат критериуми кои се објективни, мерливи и правични | 73 % | 68 % | **+5 %** |
| Начинот на избор на судии е објективен и транспарентен | 65 % | 67 % | **-2 %** |
| Во пракса Судскиот совет во своето работење е независен орган | 62 % | 66 % | **-4 %** |
| Дисциплинската постапка и постапката за утврдување на нестручно и несовесно вршење на судиската функција се спроведуваат на објективен начин | 57 % | 62 % | **-5 %** |
| Изборот на членови на Судскиот совет кои судиите ги избираат од своите редови е фер и транспарентен | 47 % | 48 % | **-1 %** |

Општи услови за работа



# Ставови за личната безбедност

